05.04.2023г.

ДанилоС. Јаниќевиќ, адвокат
НенадД. Јаниќевиќ, адвокат
Тамара Ристиќ, адвокат

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ

ОСНОВЕН СУД ШТИП
ПРИМЕНО
Со 22. 03. 2023 година

ВРСКА: ППОВ.бр.2/22

ПРЕКУ:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО:
АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ (Согласно Решение на Врховниот суд на РСМ Р.бр.66/21 од 05.10.2021 година со кое е делегирана надлежност на Апелациониот суд Скопје за постапување во овој предмет, кој веќе еднаш потапувал по овој предмет во втор степен)

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација, место на раѓање Украина 24.03.1976 година, со живеалиште на ул. Рхеиналлее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, преку полномошник Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ, адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, бул.„Кочо Рацин“ бр.38/1-5 Скопје, телефон 02/3166629, e-mail: janicevic.advokati@gmail.com, електронско сандаче за е-достава со корисничко име: Nenad Janikjevikj

ТУЖЕНИ:
1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, управител Верица Љуботенска ул.Ванчо Прке бр.Д2/А-9 Штип со ЕМБГ 1105955495004,e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку полномошник Адвокат Гоце Цоневски од Скопје
2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз- извоз Штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип и ЕМБС 4805178, со ЕДБ 4029994108584, управител Ристе Љуботенски, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип со ЕМБГ 3003955490002 (кое правно лице е избришано од Трговскиот регистар)

ОСНОВ: НАДОМЕСТ НА ШТЕТА (Повторување на постапка)

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

ОДГОВОР НА ЖАЛБА

Од тужителот Владислав Михаилович Втулкин, преку полномошник адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, а во врска со поднесената жалба против Решение ППОВ.бр.2/22 од 23.01.2023 на Основен суд Штип

Првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, преку полномошник Гоце Цоневски адвокат од Скопје и Филип Медарски адвокат од Скопје поднел жалба **против Решението ППОВ.бр.2/22 од ден 23.01.2023 година на Основниот Суд во Штип** со кое предлогот поднесен од првотуженият – предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ

Штип за повторување на постапката правосилно завршена со Пресуда на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за надомест на трошоци во постапката во износ од 695.867,22 денари СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Првотужениот го побива цитираното решение поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

*****Најпрво истакнуваме дека првотужениот **ПОГРЕШНО ЈА АДРЕСИРАЛ ЖАЛБАТА ДО АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП**, со оглед дека во овој предмет согласно чл.64-66 и согласно чл.61 од Законот за парничната постапка е **ДЕЛЕГИРАНА НАДЛЕЖНОСТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ** и тоа со Решение на Врховниот суд на РСМ Р.бр.66/21 од 05.10.2021 година . Согласно наведеното, **останува веќе делегираната надлежност во предметот од страна на Врховниот суд, така што по овој предмет надлежен за постапување по предметната жалба е единствено Апелациониот суд во Скопје, кој веќе еднаш потапувал по овој предмет во втор степен. Еднаш делегираната надлежност на Врховниот суд не може да се менува. *****

Во врска со жалбените наводи на првотужениот од предметната жалба, тужителот Владислав Михаилович Втулкин, преку својот полномошник, го поднесува овој одговор на жалба со кој **во целост ги оспорува наводите истакнати во жалбата на првотужениот** и предлага на Апелациониот суд Скопје како второстепен надлежен суд, **жалбата на првотужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, преку полномошник, ДА ЈА ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНА** и да **го потврди првостепеното Решение ППОВ.бр.2/22 од ден 23.01.2023 година на Основниот Суд во Штип** како и да го задолжи првотужениот да му ги надомести на тужителот трошоците од оваа жалбена постапка по приложениот трошковник.

Првостепениот суд, постапувајќи по напатствијата на Апелациониот суд Скопје содржани во Решение ГЖ-2012/22 од 13.09.2022 година, донел законито, јасно и разбириво решение, ги отстранил сторените суштествени повреди од претходно донесеното решение, правилно ги утврдил решителните факти, правилно утврдувајќи ја фактичката состојба со правилна примена на материјалното право.

Сосема неосновани се наводите на првотужениот дека првостепениот суд не образложил кога првотужениот стекнал законска можност да го употреби новиот доказ вештиот наод и мислење СВ I 32/2015, затоа што оваа околност е детално образложена како од првостепениот суд во обжаленото решение, така и **во напатствијата на Апелациониот суд Скопје во Решението ГЖ-2012/22 од 13.09.2022 година**.

Имено, Апелациониот суд Скопје како повисок суд јасно и категорично утврдил дека станува збор за доказ кој првотужениот веќе го доставил во жалбена постапка како поднесок до Апелациониот суд Штип на ден 26.08.2015 година и **истиот не бил прифатен, односно овој доказ веќе еднаш бил истакнат**. Од друга страна, Апелациониот суд Скопје јасно и категорично утврдува дека фактите и доказите врз основа на кои се поднесува предлогот за повторување на постапката **треба да постоеле во моментот на пресудувањето**, но да не и биле познати на странката, па истите да не можела да ги презентира пред судот, но **ако по пресудувањето настанале нови докази, тие не се зафатени со правосилноста и не можат да бидат основ за повторување на постапката**, како што е случај со предметниот доказ вештиот наод и мислење СВ I 32/2015.

Исто така во обжалената одлука првостепениот суд основано утврдил дека фактите наведени во предлогот за повторување на постапката се факти кои првотужениот **ги истакнувал и во текот на поранешната постапка,** а од друга страна имајќи во предвид дека сега приложените докази од страна на првотужениот како нови докази врз основа на кои го заснова предлогот за повторување на постапката се прибавени по барање на првотужениот и врз основа на приложена документација на првотужениот укажува дека овие факти му биле познати на првотужениот и за времетраењето на поранешната постапка, така што истиот имал можност да ги изнесе пред да биде завршена постапката со правосилна пресуда и тоа во време пред да престанало правото на изнесување на нови факти. Судот основано утврдил дека во ваков случај кога на првотужениот му биле познати фактите кои ги наведува како нови, небрежноста на првотужениот оди само на негова штета како санкција за непридржување кон начелото од чл.7 ст.2 од Законот за парнична постапка.

Всушност во овој наводно нов доказ, Вешт наод и мислење од Бирото за судски вештачења СВ I 32/2015 **се утврдени околности кои се идентични со наводите кои ги истакнувале првотужениот за време на целата постапка**, како пред Основниот суд Штип, Апелациониот суд Штип па и пред Врховниот суд на РСМ во два наврати, **овие факти и наводи биле ценети од страна на сите судови во сите судски инстанци**, и сите овие судови не ги прифатиле овие факти како вистинити и веродостојни. Впрочем, и вештиот наод и мислење кое првотужениот **го доставиле** во првостепената постапка во смисла на чл. 235 од ЗПП **содржи идентични наводи како и вештачењето кое сега првотужениот го доставува како нов доказ** од кој наводно се утврдувале некои нови факти, и истото било предмет на разгледување на Основен суд Штип, Апелационен суд Штип и Врховен суд на РСМ.

Впрочем и судот во обжалената одлука јасно и категорично наведува и дека ова вештачење кое е изготвено за потребите на кривичната постапка не може да претставува нов доказ во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП затоа што **правосилната пресуда не се заснова на надомест на штета причинета со дејствија како елементи на кривично дело поради кое е покренатa кривична постапка, туку надомест на штета како облигационо-правен однос**.

Неосновани се и жалбените наводи на првотужениот, дека судот не образложил дали новиот доказ би придонел за донесување на поповолна одлука за првотужениот, доколку истиот бил употребен во постапката, затоа што судот детално и прецизно ги образложил решителните факти на оваа околност.

Имено, постапката по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин за долг во износ од 1.915.458,00 евра, е поведена уште на ден 12.10.2013 година. Во текот на наредните 8 години, се до конечно правосилно завршување на постапката, **постапката се водеше пред сите судски инстанци, вклучително и два пати пред Врховниот суд на РСМ како највисока инстанца и тужителот цели 8 години беше приморан да талка низ судските лавиринти со цел да го оствари своето право на побарување кое неспорно е утврдено дека го има од првотужениот**. Во текот на тие 8 години, **Основниот суд во Штип, Апелациониот суд во Штип, како и Врховниот суд на РСМ со две одлуки**, врз основа на сите докази – вклучувајќи го и доказот Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, во обемна и исцрпна постапка која се водеше, **утврдија дека тужбеното барање на тужителот е во целост основано, утврдија правилна фактичката состојба,** правилно утврдија дека тужителот во целост го испочитувал Договорот за деловно техничка соработка и вршел вложувања и инвестирања во опрема средства и капитал, врз основа на кои тогаш тужените започнале да работат и да остваруваат добивка. За разлика од ова, тогаш тужените не го испочитувале Договорот и откако започнале успешно да работат не му исплатиле никаква добивка на тужителот. **Сите решителни факти по однос на основаноста на тужбеното барање беа детално утврдени и образложени во одлуките на судовиге и сите судови, вклучително и Врховниот суд кој**

обезбедува единство во примената на законите, со две свои одлуки одлучија во корист на тужителот.

Првостепениот суд постапил по напатствијата на Апелациониот суд Скопје, кој во своето решение јасно укажува дека, првостепениот суд во правосилната Пресуда П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, ги утврдил сите околности, **ГИ УТВРДИЛ** фактите на околноста дека законскиот застапник на второтуженият Ристе Љуботенски и тужителот како стопанственик од Москва склучиле Договор за деловно техничка и финансиска соработка, **УТВРДИЛ ДЕКА** тужителот платил на италијанската компанија за опрема и машини кои биле испорачани и оставени кај Имако Вино во Македонија, **УТВРДИЛ ДЕКА** тужителот вршел плаќања и преку бугарска фирма ПИМ Бугарија, **УТВРДИЛ ДЕКА** плаќањата тужителот ги извршил со свои сопствени средства, **УТВРДИЛ ДЕКА** како резултат на овие плаќања на тужителот финансиската состојба на тужените се подобрила и тие станале успешни друштва.

Второ, тужените како странки во текот на постапката имаа изготвено свое вештачење, кое вештачење содржи идентични наводи, околности и утврдени факти како и вештачењето изготвено од Бирото за судски вештачења. Истите тие факти се веќе разгледувани и ценети од страна на сите судови во сите судски степени, и **неспорно е дека во постапката не довеле до тоа судот да одлучи во корист на првотуженият. Истовремено, вака изготвеното вештачење е сосема ирелевантно за овој предмет, бидејќи е изготвено во кривична постапка и за сосема различни цели и истовремено е изготвено единствено врз основа на документација и евиденција на тужените!!!** Оваа документација и евиденција егзистирала кај тужените и во време на поднесување на тужбата и потоа, па тужените врз основа на истата таа нивна книговодствена евиденција изготвиле и предале во судот свое вештачење, кое било ценето и разгледувано од судот.

Значи, фактите што првотуженият смета дека може да ги докаже со овие наводно нови докази, веќе се земени во предвид во правосилно завршената постапка од страна на судовите во сите степени и за истите околности судот се има произнесено во своите одлуки! **За судовите во ниту еден момент не било спорно дека тужителот ги извршил плаќањата за набавка на опрема за тужените!!!**

Неосновани се и жалбените наводи на првотуженият дека Решението на ОЈО Штип КО.бр.255/13 содржело факти дека тужителот не изразил волја дека предметните вложувања биле негови вложувања затоа што немал пријавено инвестиција – вложување во Македонија, притоа повикувајќи се на Законот за девизно работење.

Ваквите наводи се апсолутно паушални, неосновани и со ништо непоткрепени. Тужителот **немал никаква законска можност да пријави директна инвестиција** затоа што и покрај неговите плаќања за опрема која била испорачана на тужените, иако имал право, истиот бил изигран од сопственикот на тужените, лицето Ристе Љуботенски и **тужителот никогаш не бил запишан како содружник во друштвата (тужените) за кои што се договориле дека ќе бидат партнери**. Неговите плаќања никогаш не фигурирале кај тужените како правни лица во форма на паричен влог (удел) во основната главнина на друштвото за да истото може да претставува директна инвестиција согласно чл.2 ст.16 од Законот за девизно работење, согласно кој, „Директни инвестиции се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави **трајна економска поврзаност** и/или да оствари **право на управување со трговското друштво** или другото правно лице во кое инвестира. Како директни инвестиции се сметаат: 1) основање на трговско друштво или зголемување на основната главнина на трговско друштво во целосна сопственост на инвеститорот, основање подружница или стекнување на целосна сопственост над постоечкото трговско друштво; 2) учество во новоформирано или веќе постоечко трговско друштво, ако инвеститорот со тоа поседува или се здобива со повеќе од 10% учество во основниот капитал на трговското

друштво, односно повеќе од 10% од правото на одлучување; 3) долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем од инвеститорот и кој е наменет за трговско друштво во негова целосна сопственост и 4) долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност и ако е даден меѓу економски поврзани субјекти.

Следствено на наведеното, тужителот никогаш немал право ниту да управува со тужените ниту пак воспоставил трајна економска поврзаност и токму во тоа се состои измамата на сопственикот на тужените, лицето Ристе Љуботенски, кој е и овластено лице и бил должен да го вклучи тужителот во сопственичката структура и управувањето и да му исплаќа половина од остварената добивка, и токму поради тоа тужителот ја поднел и оваа тужба за надомест на штета, а согласно Законот за облигационите односи, а не согласно Законот за трговските друштва.

Во конкретниот случај, **воопшто и не се работи за директна инвестиција согласно Законот за девизното работење,** затоа што тужителот ги вршел плаќањата во странство за опрема која е испорачана на тужените, но и покрај тоа што тужените ја примиле опремата и со неа работеле, не го евидентирал тужителот во трговскиот регистар како содружник во друштвото. Токму затоа тужителот ја поднел предметната тужба со основ надомест на штета, затоа што и покрај неговите плаќања во опрема која била испорачана на тужените истиот бил изигран од сопственикот Ристе Љуботенски и не бил запишан како содружник, па следствено на тоа не можел ниту да учествува во управувањето на друштвото ниту пак во остварената добивка, ниту пак, некогаш му била исплатена било каква добивка.

Затоа, навистина е смешно првотуженият да се повикува на некој наводно нов факт дека тужителот за неговите плаќања не пријавил директна инвестиција, и дека тоа било обврска на тужителот, во ситуација кога првотуженият прв не ги испочитувал своите обврски по склучувањето на Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, да му даде на тужителот право да оствари економска поврзаност и право на управување во друштвата (тужените).

Истовремено, напоменуваме дека овие факти, дека тужителот како нерезидент немал пријавено инвестиција – вложување во Македонија, **првотуженият сега првпат ги истакнува со оваа жалба, па затоа не треба воопшто да бидат предмет на оцена на второстепениот суд, затоа што се истакнуваат во жалбена постапка спротивно на чл. 341 од ЗПП.** Со оглед дека првотуженият воопшто не се повикал и не ги истакнал овие факти во првостепената постапка, ниту пак тужителот имал можност да се произнесе по однос на истите и да достави докази, ниту пак првостепениот суд во обжалената одлука се произнел по однос на истите, првотуженият не може да се повикува на сторена суштествена повреда на постапката од страна на првостепениот суд по однос на оваа околност.

Согласно наведеното, може да се заклучи дека ниту еден од приложените докази од страна на првотуженият **не може да претставува нов доказ за повторување на постапката, што е видно од самиот датум на изготвување на сите докази кои датираат од пред 6 години, ниту пак првотуженият истакнал некои нови факти кои не биле предмет на оцена на судовите во правосилно завршената постапка.**

Што се однесува до вториот основ за повторување на постапката предвиден во чл.392 ст.1 т.5 од Законот за парничната постапка, првостепениот суд дал доволно образложени причини поради кои смета дека не постои ни овој основ за повторување на истата, кои причини се детално наведени на страна 13 од обжаленото решение, а кои во целост ги прифаќа и тужителот.

Согласно сето погоренаведено, несомнено судот донел јасно и законито решение со правилно утврдување на фактичката состојба и правилна примена на материјалното право, па предлагаме Апелациониот суд Скопје, како стварно надлежен суд на кој му е делегирана надлежност за постапување и одлучување во овој предмет со Решение на Врховниот суд на РСМ Р.бр.66/21 од 05.10.2021 година, да ја одбие жалбата на првотуженият како неоснована, да го потврди првостепеното решение како и да го задолжи првотуениот да му ги надомести на тужителот трошоците по повод овој одговор на жалба по приложениот трошковник.

Го молиме Апелациониот суд Скопје при одлучување по овој предмет да му даде приоритет, од причина што се работи за стар предмет по кој постапката траела повеќе од 10 години, а освен тоа и предлогот за повторување на постапката беше поднесен во фаза на извршување која тече, што уште повеќе оди во прилог на тоа дека при одлучување по оваа жалба овој предмет треба да биде земен побрзо во работа.

Скопје, 20.03.2023година

Тужител:Владислав Михаилович Втулкин, преку полномошник Адвокат Ненад Јаниќевиќ

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ
Данило С. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ, адвокат
Бул...Кочо Рацин.. бр.38-1/5 Скопје
тел. раб. 02/31 666 29; стан 02/31 379 ,1

Прилог: Доказ за платена судска такса за одговор на жалба

ТРОШКОВНИК:

1. За судска такса за жалба (согласно Тарифен број 1 од Таксената тарифа за физичко лице)..... **3.000,00 денари**
2. За состав на жалба (18.000,00 денари, со зголемување од 100% за тужителот како странец 18.000,00 ден +50% зголемување за одговор жалба 18.000,00 ден.+ 30% паушал 16.200,00 денари = 70.200,00 ден. +18% ддв 12.636,00 ден. = 82.836,00 денари..... **82.836,00 денари**

Вкупно: 85.836,00 денари